**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

# П Р Е Д Л О Г

# НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВЕН ДОЛГ,

# ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, Јануари 2011 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Крајниот ефект од имплементацијата на мерките за унапредување на казнената политика се очекува да биде надминување на проблемите на кои најчесто наидува бизнис заедницата во текот на секојдневното работење.
Со Предлог - Законот за изменување и дополнување на Законот за јавен долг се вршат измени во одредбите со кои се утврдуваат прекршоците како недозволено поведение на носителите на јавен долг во рамките на постапката за задолжување и создавање на јавниот долг на Република Македонија. Притоа се пропишуваат пониски глоби во споредба со моментално пропишаните, кои воедно се усогласени со Законот за прекршоци, а воедно при нивното утрврдување дефинираниот распон на висината на казните е во сразмер 1:2.
Измената на законот којашто се однесува на Стратегијата за управување со јавен долг е иницирана заради досегашната неконзистентност на Фискалната стратегија и Стратегијата за управување со јавен долг, во однос на временската рамка за нивно донесување. Се предлага политиката за управување со јавен долг наместо да се утврдува посебно во Стратегијата за управување со јавен долг, да биде дел од Фискалната стратегија со што ќе се обезбеди целосна конзистентност на податоците кои ја дефинираат фискалната рамка и јавниот долг.
Постојните членови 16 и 25, го пропишуваат задолжувањето на општините како единици на локалната самоуправа и јавните претпријатија кои се во целосна или доминантна сопственост на државата или на општините. Со измената се предлага овие два члена да се дополнат со минимално потребните податоци кои треба да ги достават носителите на јавен долг во рамките на барањето за задолжување, а кои се неопходни за Министерството за финансии да формира предмет за задолжување врз основа на кој ќе ги засновува мислењата за задолжување.

## II. ЦЕЛИТЕ, НАЧЕЛАТА И ОСНОВНИТЕ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Законот чие донесување се предлага, се заснова врз начелата врз кои се заснова и Законот за јавен долг.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни финансиски средства.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВЕН ДОЛГ

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во членот 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, овој закон се предлага да се донесе по скретена постапка.

**ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВЕН ДОЛГ**

**Член 1**

(1)Во Законот за Јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 88/08), во член 2, став 1, точка 1 зборот "и" пред зборовите "Народна банка" се брише, а на крајот на реченицата се додаваат зборовите "и други органи на државната управа, управни организации и јавни установи кои вршат јавни овластувања и дејности од јавен интерес". Во став 1, точка 3 зборот "и" пред зборовите "Народна банка" се брише, а на крајот на реченицата се додаваат зборовите "и други органи на државната управа, управни организации и јавни установи кои вршат јавни овластувања и дејности од јавен интерес".

**Член 2**

(1)Во називот на заглавјето II, зборовите "СТРАТЕГИЈА И" се заменува со зборовите „ПОЛИТИКА НА“.

**Член 3**

(1)Насловот пред член 7 се брише, а членот 7 се менува и гласи:
„Управувањето со јавен долг претставува збир на мерки и активности кои Министерството за финансии ги презема во рамки на надлежностите определени со овој или друг закон.
(2) Политиката на управување со јавен долг се утврдува за период од 3 години и претставува дел од фискалната стратегија на Министерството за финансии.
(3) Политиката за управување со јавен долг вклучува:
-утврдување на висината на износот (лимитот) на јавниот долг на среден рок;
-утврдување на висината на износот (лимитот) на државните гаранции на среден рок;
-максималниот износ на ново задолжување во тековната година;
-максималниот износ на новоиздадени државни гаранции во тековната година;
-идентификација, следење и управување со ризиците на кои подлежи портфолиото на на јавниот долг;
-финансирање на потребите на државата со најнизок можен трошок, на среден и долг рок, и со одржливо ниво на ризик; и
-развој и одржување на ефикасен домашен финансиски пазар.
(4) Долгот на Народна банка на Република Македонија не претставува дел од политиката на управување со јавен долг од ставот (3) на овој член.“

**Член 4**

(1)Во членот 9 зборовите „утврден во Стратегијата“ се бришат.

**Член 5**

(1)Насловот пред членот 10 и членот 10 се бришат.

**Член 6**

(1)Во членот 11, став (1) алинејата 1 се брише.

Во став (1), алинеја 2 зборовите „спроведување на Стратегијата“ се заменуваат со зборовите „управување со јавниот долг“.

**Член 7**

(1) Членот 16 се менува и гласи:

“(1)Во име на Република Македонија, договор за заем склучува само Владата на Република Македонија. Во име на Владата на Република Македонија, министерот за финансии го потпишува договорот за заем.

(2)Иницијатива за поведување на преговори за задолжување, носителите на законодавната, судската, извршната власт и општините, општините во градот Скопје и градот Скопје започнуваат по претходна согласност на Владата на Република Македонија.

(3)Иницијативата од став 2 на овој член задолжително треба да содржи позитивно мислење од Министерството за финансии.

(4)Иницијативата од став 2, за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје треба да содржи:

- Одлука за задолжување која задолжително треба да содржи износ и цел на задолжувањето;
- Барање за задолжување кое содржи податоци за проектот и податоци за финансискиот капацитет на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(5)Министерот за финансии ќе го пропише образецот за Барањето за задолжување од став (4) на овој член.

(6)Во преговорите од став 2 на овој член задолжително учествуваат претставници од Министерството за финансии и други овластени претставници избрани од Владата на Република Македонија.

(7)Носителите од став 2 од овој член склучуваат договор за заем, по донесување на посебен закон за секое ново задолжување кај странски заемодавачи.

(8)Носителите од став 2 од овој член склучуваат договор за заем, по донесување на одлука од Владата на Република Македонија, за секое ново задолжување кај домашни заемодавачи.

(9)Договорот за заем за задолжување на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје го склучува градоначалникот на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје.”

**Член 8**

(1)Во член 24а став 1, по зборот “државата”, се додаваат зборовите “и други органи на државната управа, управни организации и јавни установи кои вршат јавни овластувања и дејности од јавен интерес”.

**Член 9**

(1)Во називот на заглавјето IV, на крајот на називот се додаваат зборовите „И ДРУГИ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА, УПРАВНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЈАВНИ УСТАНОВИ КОИ ВРШАТ ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА И ДЕЈНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС “

**Член 10**

(1)Во текстот на членот 25, по зборовите “општините во градот Скопје и градот Скопје” се додаваат зборовите “и други органи на државната управа, управни организации и јавни установи кои вршат јавни овластувања и дејности од јавен интерес”
(2) Во став 1 зборовите “склучување на договор за заем” се заменуваат со зборот “задолжување”.
(3)По ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4) кои гласат:
“(3)Иницијативата од став 1 треба да содржи:
- Одлука за задолжување која задолжително треба да содржи износ и цел на задолжувањето;
- Барање за задолжување кое содржи податоци за проектот и податоци за финансискиот капацитет на јавното претпријатие, односно, трговското друштво кое е во целосна или во доминантна сопственост на државата, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, и други органи на државната управа, управни организации и јавни установи кои вршат јавни овластувања и дејности од јавен интерес.
(4)Министерот за финансии ќе го пропише образецот за Барањето за задолжување од став (3) на овој член.”
(4) Ставовите (4), (5), (6), (7), (8) и (9) стануваат ставови (6), (7), (8), (9), (10) и (11).

**Член 11**

(1)Во членот 27, во ставот (2) зборовите „за спроведување на Стратегијата“ се заменуваат со зборовите „за управување со јавниот долг“, а зборовите „заедно со Стратегијата за управување со јавен долг“ се бришат.
(2)Во ставот (3) зборовите „и спроведувањето на другите мерки утврдени во Стратегијата“ се бишат.

**Член 12**

(1)Членот 28 се менува и гласи:
„Носителот на јавен долг кој нема да поднесе информација до Министерството за финансии согласно член 6а став (2) и член 26 од овој закон, ќе се казни со глоба во износ од 2000 до 4000 евра во денарска противвредност.
(2) Прекршокот утврден во став 1 на овој член не се однесува на Република Македонија, државните органи и органите во единиците на локалната самоуправа.
(3)Одговорното, односно раководното лице на носителот на јавен долг кое ќе го изврши прекршокот од став (1) ќе се казни со глоба во износ од 1000 до 2000 евра во денарска противвредност“.

**Член 13**

(1)По членот 28 се додава нов член 28а кој гласи:
„Носителот на јавен долг кој нема да ги уплати средствата во корист на сметката на Буџетот на Република Македонија согласно член 23 став (3) од овој закон, ќе се казни со глоба во износ од 5000 до 10000 евра во денарска противвредност.
(2) Прекршокот утврден во став 1 на овој член не се однесува на Република Македонија, државните органи и органите во единиците на локалната самоуправа.
(3)Одговорното, односно раководното лице на носителот на јавен долг кое ќе го изврши прекршокот од став (1) ќе се казни со глоба во износ од 2000 до 4000 евра во денарска противвредност“

**Член 14**

(1)Членот 29 се менува и гласи:
„Носителот на јавен долг кој ќе започне преговори за задолжување без согласност на

Владата на Република Македонија или ќе започне постапка за задолжување спротивно на член 24а од овој закон, ќе се казни со глоба во износ од 50000 до 100000 евра во денарска противвредност.

(2) Прекршоците утврдени во став 1 на овој член не се однесува на Република Македонија, државните органи и органите во единиците на локалната самоуправа.

(3)Одговорното, односно раководното лице на носителот на јавен долг кое ќе ги изврши прекршоците од став (1) ќе се казни со глоба во износ од 20000 до 40000 евра во денарска противвредност“.

**Член 15**

(1)Во член 29а, се додава нов став (1) кој гласи:

“За прекршоците пропишани со овој закон, пред поднесување на Барање за прекршочна постапка се спроведува постапка за порамнување, согласно со Законот за прекршоците.”

(2) Ставот (1), станува став (2).

**Член 16**

(1)Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.